Врз основа на член 35 од Законот за учебници во основно и средно образование („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 3/25 и 74/25), а во врска со претходно издадените решенија за одобрување на учебници во рамките на соодветните наставни програми, директорот на Педагошката служба донесе

РЕШЕНИЕ
за повлекување од употреба на учебници за I година гимназиско образование

1. СЕ ПОВЛЕКУВААТ ОД УПОТРЕБА следните учебници:

- **Англиски јазик (прв странски јазик)** Close up од авторите: Angela Healan; Katrina Gormley; Karen Ludlow, Законски застапник: Просветно дело, бр. 23-453/1 од 04.05.2015 година;
- **Германски јазик (втор странски јазик)** Prima A2 Band 4 од авторите: Dr. Friederike Jin, Prof. Dr. Magdalena Michalak,Grammatiki Rizou and Lutz Rohrmann, Законски застапник: Просветно Дело, бр. 23-463/1 од 05.05.2015 година;
- **Француски јазик (втор странски јазик) Agenda 1** од авторите: David Baglieto, Bruno Girardeau, Michaël Magne, Marion Mistichelli, Законски застапник:Арс Ламина, бр. 23-473/1 од 04.05.2015 година (измена бр. 23-1397/2 од 18.11.2015 година);
- **Италијански јазик (втор странски јазик)** Ragazzi in rete B1 од авторите: Marco Mezzadri, Paolo E. Balboni, Законски застапник: Арс Студио Тамара, бр. 22-893/1 од 26.06.2018 година;
- **Математика** од авторите: June Haighton, Andrew Manning, Gina McManus, Paul Metcalf, Margaret Thornton and Keith White**,** Законски застапник: Арс Ламина**,** бр. 22-549/1 од 23.05.2017 година;
- **Биологија** од авторот: Ron Pickering**,** Законски застапник: Арбериа Десигн, 22-552/1 од 23.05.2017 година;
- **Хемија** од авторите: Brayan Earl and Doug Wilford, Законски застапник: Арс Ламина, бр. 22-550/1 од 23.05.2017 година и
- **Физика** од авторот: Stephen Pople, Законски застапник: Арбериа Десигн, бр. 22-551/1 од 23.05.2017 година

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Согласно со членот 35 од Законот за учебници во основно и средно образование („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 3/25 и 74/25), предвидено е дека учебниците одобрени до денот на влегувањето во сила на овој закон продолжуваат да се употребуваат сѐ до донесување на решение за нивно повлекување од употреба.

Со оглед на тоа што во минатото, согласно со тогаш важечката законска регулатива и овластувања, решенијата за одобрување и употреба на горенаведените учебници беа донесени од страна на директорот на Педагошката служба, и со оглед на фактот дека се одобрени нови учебници за

наведените предмети по новите наставни програми, исполнети се законските услови директорот да го донесе овој акт за нивно повлекување од употреба, со цел доследно спроведување на преодните одредби од Законот и обезбедување на правен континуитет во наставниот процес.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО:** Против ова Решение незадоволната странка може да поднесе тужба за поведување управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на објавувањето на актот на интернет страницата на Министерството за образование и наука.

ДИРЕКТОР,
м-р Роберт Аџипетров